МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 31 став 7 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11 и 126/12), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОТКУПУВАЧИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОТКУПНИТЕ МЕСТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Во Правилникот за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупувачите на земјоделски производи и поблиските услови кои треба да ги исполнуваат откупните места на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.102/10, 144/10 и 156/11) во член 3 точка 1 во алинејата 1 зборовите: „посебно организирано“ и зборовите: „на отворено“ се бришат, а на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „ доколку откупот се врши на јавна површина“.

Во точката 2 по зборот: „откуп“ се додава зборот: „ /купување“.

Во точката 3 на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите:

„доколку се направи видливо разграничување помеѓу субјектите“.

Во точката 4 бројот: „100“ се заменува со бројот: „20“, бројот: „2.000“ се заменува со бројот: „200“, бројот: „1.000“ се заменува со бројот: „200“, бројот: „10.000“ се заменува со бројот: „200“ и бројот: „30.000“ се заменува со бројот: „2.000”.

Во точката 5 на крајот од реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: „или најмалку 100 м? по една статична вага со капацитет на мерење до 50 тони“.

## Член 2

Во член 4 во точката б) зборот: „три“ се заменува со зборот: „два“. По точката е) се додава нова точка „ж)“ која гласи:

„Доколку откупувачот не врши откуп директно од земјоделски производители треба да ги исполнува условите од став 1 точки а,б, в, г, и д на овој член“.

**Член 3**

Во член 5 во став (2) зборовите: „на откупните места од став (1) од овој член“ се бришат.

Во алинејата 3 по зборот: „статична“ се додаваат зборовите: „вага со капацитет на мерење до 50 тона“, а по зборовите: „мобилна вага“ се додаваат зборовите: „со капацитет на мерење над 200 кгр.“

Во ставот (3) зборовите: „мобилно и“ се бришат. По ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„Доколку откупот се врши на мобилно откупно место, откупувачот треба да располага со статична вага со капацитет на мерење до 50 тона или мобилна вага со капацитет на мерење над 200 кгр., влагомер, апарат за определување на хектолитарска маса, апарат за мерење на присуство на примеси или сито со отвори од 2,8 мм за определување на примеси и соодветно транспортно средство за жита или маслодајни семиња“.

**Член 4**

Во член 8 став (2) во точката а) по зборот: „место“ се додаваат зборовите: „за збирен откуп заради групирање на земјоделските производи“.

Во алинејата 1 зборовите: „до 1000“ се заменуваат со зборовите: „над 200“.

Во алинејата 2 зборовите: „од најмалку 500“ се заменуваат со зборовите: „над 200“.

Во точката б) зборовите: „и во преработувачки капацитети“ се бришат.

Во алинејата 4 зборовите: „од најмалку 500“ се заменуваат со зборовите: „над 200“.

Во алинејата 5 зборовите: „за автоматизирано“ се бришат. Точката в) се менува и гласи:

„доколку откупот се врши во преработувачки капацитети треба особено да располага со:

- отворен простор покриен со настрешница за истовар и мерење или затворен предмагацински простор за преземање;

- организиран простор за чистење, сортирање, складирање и чување;

- мобилна вага со капацитет за мерење над 200 кг. или статична вага со капацитет за мерење до 50 тони;

- опрема за чистење, опрема за манипулација, утовар и истовар (виљушкари, колички);“ По точката в) се додава нова точка „г)“ која гласи:

„Доколку откупот се врши на мобилно откупно место директно од земјоделско стопанство откупувачот треба да ги исполнува условите од точка а) алинеи 2 и 3 од овој став.“

Во ставот (3) по зборот: „грозје“ се додаваат зборовите: „за подолго чување“, а по зборот „точка“ зборовите „а)“ и „и“ се бришат.

Ставот (4) се брише. Ставот (5) станува став (4).

**Член 5**

Во член 9 став (2) во точката а) по зборот: „место“ се додаваат зборовите: „за збирен откуп заради групирање на земјоделските производи“.

Во алинејата 1 зборовите: „до 500“ се заменуваат со зборовите: „над 200“.

Во алинејата 2 зборовите: „од најмалку 500“ се заменуваат со зборовите: „над 200“.

По точката а) се додава нова точка б која гласи:

„Доколку откупот се врши на мобилно откупно место директно од земјоделско стопанство откупувачот треба да ги исполнува условите од точка а) алинеи 2,3 и 4 од овој став.“

Во точката б), која станува точка в), во алинејата (2) зборовите: „од најмалку 500“ се заменуваат со зборовите: „над 200“.

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08 – 7693/1
6 март 2013 година

Министер,
Љупчо Димовски, с.р.